Врз основа на член 54 став (1) точка 2. потточка 2.9. Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) и член 23 став (1) точка 4) од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија бр. 01-391/2 од 26 август 2011 година, бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и 01-209/1 од 30 јануари 2023 година, а во врска со член 119 став (7) од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 април 2026 година, донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одобрување на Одлука за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија**

1. Со ова решение се одобрува Одлуката за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија доставена од Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија, Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје.
2. Одлуката од точка 1 на ова решение е дадена во Прилог кој е составен дел на ова решение.
3. Се задолжува Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија, Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје да ја донесе одлуката од точка 1 на ова решение и да ја објави на својата веб страница.
4. Ова решение се доставува до Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија, Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на член 54 став (1) точка 2 потточка 2.9 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) одобрува одлука за износ на надоместоците кои се наплатуваат за учество на организираниот пазар на електрична енергија и за реализација на трансакции.

Согласно член 119 став (7) од Законот за енергетика* за исполнување на своите обврски како НЕМО, операторот на организиран пазар на електрична енергија од членот 118 од законот, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, утврдува надоместок за регистрација и донесува тарифа за тргување на организираниот пазар на електрична енергија.

Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје, кој е и оператор на организираниот пазар на електрична енергија врз основа на член 119 став (7) од Законот за енергетика*, до Регулаторната комисија за енергетика достави Барање за одобрување на

Одлуката за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија бр. 12-281/1 од 24 февруари 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика, имајќи ги предвид одредбите од член 54 став (1) точка 2. потточка 2.8. од Законот за енергетика*, со Одлука бр. 12-280/3 од 16 април 2026 година ги одобри Правилата за работа на организираниот пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 83/26). Во членот 39 од овие Правила е определена структурата на надоместоците за работа на организираниот пазар на електрична енергија.

Регулаторната комисија за енергетика во соработка со Операторот на организираниот пазар на електрична енергија го усогласи текстот на Одлуката по што Операторот на организираниот пазар на електрична енергија на 17 април 2026 година достави на одобрување Одлука за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија бр. 12-281/2 од 17 април 2026 година. Оваа одлука беше предмет на повторно разгледување и анализа од страна на Регулаторната комисија за енергетика по што Операторот на организираниот пазар на електрична енергија на 28 април 2026 година достави на одобрување ажурирана Одлука за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија бр. 1001-2523/3 од 28 април 2026 година заведена во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-281/3 од 28 април 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика ја разгледа и врз основа на своите законските надлежности ја одобри Одлуката за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија на седницата одржана на 30 април 2026 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-281/4**
**30 април 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

Национален оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје
Operator nacional i tregut të energjisë elektrike MEMO SHPKNJP Shkup
Бр.-Nr. 10-2523/2
28.04.2026 год.-viti

Врз основа на член 119 став (7) од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ бр. 101/2025; 135/2025), и член 39 од Правилата за работа на организираниот пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 83/2026"), а по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија во Република Северна Македонија.

**Член 2**

Во смисла на оваа одлука, учесник – Тип А е учесник на организираниот пазар на електрична енергија кој избрал да го користи надоместокот за учество од тип „Учесник – Тип А", а учесник – Тип Б е учесник на организираниот пазар на електрична енергија кој избрал да го користи надоместокот за учество од тип „Учесник – Тип Б".

**Член 3**

Надоместоците за учество на организираниот пазар изнесуваат:

| **Услуга** | **Учесник – Тип А** | **Учесник – Тип Б** |
|---|---|---|
| Прием на организираниот пазар на електрична енергија | 9.000 евра | 9.000 евра |
| Пазар ден однапред | | |
| Годишен надоместок за учество на пазарот ден однапред | 12.000 евра | 3.000 евра |
| Надоместок за договорни трансакции на пазарот ден однапред | 0,085 евра/MWh | 0,2 евра/MWh |
| Надоместок за клиринг и порамнување на договорни трансакции | 0,02 евра/MWh | 0,02 евра/MWh |
| Тргување во име на учесникот | 50 евра | |
| Надоместок за корисник на системот за тргување кој не е стандарден( по дополнително портфолио или корисничко име во MATS) | 2.000 евра | |
| Пазар во тековниот ден | | |
| Годишен надоместок за учество на пазарот во тековниот ден | 4.000 евра | |
| Надоместок за договорни трансакции на пазарот во тековниот ден | 0,1 евро / MWh | |

| | |
|---|---|
| Надоместок за клиринг и порамнување на договорни трансакции | 0,02 евра/MWh |
| Тргување во име на учесникот | 50 евра |
| Надоместок за корисник на системот за тргување кој не е стандарден (по дополнително портфолио или корисничко име во М7) | 2.000 евра |

**Член 4**

Доколку учесникот на организираниот пазар учествува на пазарот ден однапред, годишниот надоместок за учество на пазарот во тековниот ден од член 3 на оваа одлука се намалува за 50%.

**Член 5**

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија бр.1001-4996/3 од 23.04.2025 година.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува на веб страницата на Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје.

## Образложение

Согласно член 108 став (4) од Законот за енергетика*, организираниот пазар на електрична енергија е пазар ден однапред и пазар во тековниот ден, на кој набавката и продажбата на електрична енергија меѓу учесниците на пазарот на електрична енергија се врши преку берзата за електрична енергија.

Согласно член 119 став (7) од Законот за енергетика* и член 39 од Правилата за работа на организираниот пазар на електрична енергија се утврдува надоместок за регистрација и тргување на организираниот пазар на електрична енергија.

Имајќи го во предвид горенаведеното Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија донесува одлука со која се определува износот на надоместоците за:

1) прием на организираниот пазар на електрична енергија;
2) годишен надоместок за учество на пазарот ден однапред;
3) годишен надоместок за учество на пазарот во тековниот ден;
4) надоместок за договорни трансакции на пазарот ден однапред;
5) надоместок за договорни трансакции на пазарот во тековниот ден;
6) надоместок за клиринг и порамнување на договорни трансакции;
7) надоместок за тргување во име на учесникот и
8) надоместок за корисник на системите за тргување кој не е стандарден..

Операторот на организиран пазар на електрична енергија при утврдување на износот на надоместоците се водеше од начелата на достапност на пазарот до учесниците, економската оправданост и повратот на вложените средства на краткорочен и долгорочен план.

Износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија е наведен во Табела 1 – Износ на надоместоци. Притоа за сегментот на пазарот Ден - однапред, предвидено е постоење на два типа на учесници, Тип А и Тип Б. Изборот на типот на учество е целосно на учесникот на организираниот пазар на електрична енергија.

При дефинирањето на надоместоците на организираниот пазар на електрична енергија водено е сметка организираниот пазар да биде достапен како на големите, така и на помалите учесници на организираниот пазар на електрична енергија.

Очекувана проекција на обемот на тргување на организираниот пазар за 2026 година е дека ќе надмине 2.000 GWh. Постигнатата количина на истргувана електрична енергија на организираниот пазар на електрична енергија и предложениот износ на надоместоците треба да овозможат покривање на основните трошоци кои МЕМО ги има за функционирање на пазарот ден однапред и пазарот во тековниот ден. Притоа МЕМО ги зема во предвид и актуелните ценовници на соодветните сегменти на организираниот пазар на електрична енергија во регионот.

Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија со решение бр. ----------------- ја одобри Одлуката на износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија, по што управителот на Операторот на организиран пазар на електрична енергија ја донесе горенаведената одлука.

Изготвил: Ана Ангелова

Проверил: Маја Јосифовска

Одобрил: Митко Огненоски

**МЕМО ДООЕЛ – Скопје**

**Управител**

**Зоран Ѓорѓиевски**